[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 06.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 552/1 | | |

[redacted]

бр. 0302-234/22

03.05.2022 година

До: Општина Демир Хисар
Ул. Битолска бр. 8, 7240, Демир Хисар
Република Северна Македонија
Електронска пошта:opstinademirhisar@yahoo.com
igor.damjanoski@demirhisar.gov.mk
igorzab1@yahoo.com

Скопје
Датум:03.05.2022 година

## БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06; бр. 86/08, бр. 6/10 и бр. 42/14), **Ве молиме како имател да ни ги доставите следниве информации од јавен карактер:**

1. Да ни доставите **податоци за вработените во Општина Демир Хисар за 2021 година, посебно според наведените прашања:**
   1. Вкупен број на вработени, поделени по пол;
   2. Вработени на раководни работни места, поделени по пол;
   3. Вработени на нераководни работни места, поделени по пол;
   4. Вкупен број на вработени Роми, поделени по пол;
   5. Вработени Роми на раководни позиции, поделени по пол.

2. Да ни доставите **податоци за вработените Ромки во Општина Демир Хисар за 2021 година, посебно според наведените прашања:**
   1. Назив на работно место на вработените Ромки;
   2. Степен на образование на Ромките за конкретните работни места на кои се вработени

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис √
- в) фотокопија
- **г) електронски запис mail: olivera.stojkovska@hera.org.mk**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

[redacted]

www.hera.org.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 13-557/2
06.05. 2022 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 03.05.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со вработените во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со вработените во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, по електронска пошта со архивски број 0302-234/22 од 03.05.2022 година, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 06.05.2022 година под архивски број 13-557/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 06.05.2022 година, под бр. 13-557/2.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

______________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

| | Вкупно | Машки пол | Женски пол |
|---|---|---|---|
| Број на вработени во Општина Демир Хисар поделени по пол | **40** | **18** | **22** |
| Број на вработени во Општина Демир Хисар на раководни места поделени по пол | **6** | **3** | **3** |
| Број на вработени во Општина Демир Хисар на нераководни места поделени по пол | **34** | **15** | **19** |

Во Општина Демир Хисар нема вработени Роми или Ромки.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување
со човечки ресурси

---------------------------------------------------------